Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

# АНАЛИЗА НА ПАЗАРОТ НА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ЗА 2019 ГОДИНА



Септември, 2020 година

# СОДРЖИНА



- ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС

- КОМЕРЦИЈАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ
  - Терестријални телевизии на државно ниво
  - Сателитски телевизии на државно ниво
  - Телевизии на државно ниво преку ОЈКМ
  - Телевизии на регионално ниво
  - Телевизии на локално ниво

- КОМЕРЦИЈАЛНИ РАДИОСТАНИЦИ
  - Радиостаници на државно ниво
  - Радиостаници на регионално ниво
  - Радиостаници на локално ниво

# ВОВЕД

- Целта на оваа анализа е да се обезбедат прецизни и релевантни податоци за вредноста на македонскиот пазар на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и да се добијат сознанија за состојбите во оваа индустрија во 2019 година.

- Делот што се однесува на економските перформанси на радиодифузерите е изработен врз основа на податоците што Агенцијата ги обезбеди од самите телевизии и радија, а валидноста на овие податоци беше потврдена преку проверка со завршните сметки.

- Податоците се анализирани во рамките на релевантните пазари, на начин на којшто тие се дефинирани од аспект на производот и од географски аспект.



- Во анализата се користени и податоците за гледаноста на телевизиите и слушаноста на радиостаниците од редовните квартални истражувања што во 2019 година, по нарачка на Агенцијата, ги спроведе истражувачката агенција „Market Vision“ од Скопје.

# РЕЗИМЕ

## Клучни наоди

| | Вкупни приходи | Приходи од реклами | Вкупни трошоци | Резултати од работењето | Просечен број на вработени во рро |
|---|---|---|---|---|---|
| | во милиони денари | | | | |
| **Македонска радиотелевизија** | **928.68** | **12.99** | **1,455.83** | **-527.15** | **773** |
| **Комерцијални телевизии** | **1,360.36**[1] | **1,266.54**[1] | **1,364.12**[1] | **-7.64** | **1,005**[1] |
| ТВ на државно ниво-терестријални | 1,120.49 | 1,062.44 | 1,061.47 | 55.80 | 569 |
| ТВ на државно ниво преку сателит | 73.31 | 64.30 | 81.96 | -8.65 | 101 |
| ТВ на државно ниво преку ОЈКМ | 56.49[1] | 55.25[1] | 113.33[1] | -57.03[1] | 153[1] |
| ТВ на регионално | 79.33 | 60.59 | 79.47 | -0.51 | 135 |
| ТВ на локално | 30.74 | 23.96 | 27.89 | 2.76 | 47 |
| **Комерцијални радиостаници** | **143.91** | **113.05** | **143.39** | **-0.01** | **190** |
| РА на државно ниво | 51.58 | 36.26 | 50.63 | 0.38 | 45 |
| РА на регионално ниво | 47.27 | 42.53 | 47.53 | -1.88 | 49 |
| РА на локално ниво | 45.06 | 34.26 | 45.23 | 1.50 | 96 |

[1]Во овие износи не се вклучени податоците за 1ТВ, поради тоа што во периодот кога се прибираа податоците дозволата на оваа телевизија веќе беше одземена. Ова е важно да се има предвид поради тоа што во претходната година оваа телевизија прикажа позначајни вкупни приходи и приходи од реклами (највисоки од телевизиите што емитуваа на државно ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа), а во 2019 година имаше дозвола се до ноември. Агенцијата се обиде преку Управата за јавни приходи да обезбеди податоци барем за бројот на ангажирани лица, но од таму не добивме никаков одговор и покрај тоа што се обративме три пати.

## Број на радиодифузери

- На почетокот од 2019 година програма емитуваа 53 комерцијални телевизии, 67 комерцијални радиостаници и три непрофитни радиостаници.

- Одземени беа дозволите на вкупно пет радиодифузери: сателитската телевизија ТВ Канал 5 Плус[2], регионалните телевизии ТВ Скопје[3] и ТВ К Три[4] (на трите поради неплаќање на надоместокот за дозволата во законски утврдениот рок), локалната ТВ Хана[5] (дозволата престана да важи по сила на закон, откако оваа телевизија ја извести Агенцијата дека престанала со емитување на програма) и 1ТВ[6] која емитуваше програма преку јавна електронска комуникациска мрежа на државно ниво (поради неисполнување на минималните кадровски услови).



- Беа доделени вкупно три дозволи: на ТВ Кисс&Менада[7] за телевизиско емитување на регионално ниво, на РА Јон[8] за емитување радиопрограма на државно ниво, и на непрофитното радио Марија-Благовест[9] за емитување на локално ниво (одлуката за доделување дозвола на ова радио беше донесена на крајот од 2018 година, а дозволата за работа му беше издадена во февруари 2019 година).

- На крајот од анализираната година, покрај јавниот сервис програма емитуваа уште 49 телевизии и 72 радиостаници.

---

[2] Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, УП1 Бр. 08-52 од 27.02.2019 година
[3] Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје, УП1 Бр. 08-54 од 27.02.2019 година
[4] Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво К ТРИ Телевизија ДООЕЛ Куманово, УП1 Бр. 08-66 од 27.02.2019 година
[5] Решение за бришење од регистарот на радиодифузери, УП1 Бр. 08-33, од 08.02.2019 година
[6] Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво 1ТВ ДООЕЛ Скопје, УП1 Бр. 08-495 од 05.11.2019 година
[7] Одлука за доделување дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс на регионално ниво, УП1 Бр. 08-466 од 19.11.2019 година
[8] Одлука за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, говорно-музичко радио од специјализиран формат кај кое доминантниот вид на програма има забавна функција, на албански и на македонски јазик, на државно ниво, УП1 Бр. 08-527 од 03.04.2019 година
[9] Одлука за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Струмица, УП1 Бр. 08-488 од 16.11.2018 година

## Вкупни приходи во индустријата[10]

- Вкупните приходи во индустријата изнесувале 2.432,95 милиони денари.

- Од нив, 38% се приходите на јавниот сервис, 56% на комерцијалните телевизии и 6% на комерцијалните радиостаници.

- Во споредба со претходната година, вкупните приходи се намалиле за 0,76%.

**Вкупни приходи во индустријата во последните пет години**




- МРТ и комерцијалните радија оствариле помалку приходи отколку во претходната година, а комерцијалните телевизии ги зголемиле вкупните приходи.

**Движење на вкупните приходи на МРТ и комерцијалните радиодифузери во последните пет години**




- Најголем дел од приходите (1.392,58 милиони денари) биле од рекламирање. 894 милиони денари од приходите се средствата од државниот буџет префрлени на Македонската радиотелевизија, а останатите 146,37 милиони денари се приходи остварени по различни основи.

[10] Во анализита не се вклучени податоците за 1ТВ, поради тоа што во периодот кога се прибираа податоците дозволата на оваа телевизија веќе беше одземена. Во 2018 година, 1 ТВ имаше прикажано највисоки вкупни приходи (39,23 милиони денари) и највисоки приходи од реклами (33,94 милиони денари) од телевизиите што емитуваа на државно ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, а бројот на ангажирни лица изнесуваше 80 (од кои 46 во редовен работен однос и 34 со авторски договори). За да обезбеди прецизни податоци врз основа на коишто ќе ја изработи анализата, Агенцијата се обрати до Управата за јавни приходи, но од таму не добивме никаков одговор.

## Приходи од реклами во индустријата

- Заедничките приходи од рекламирање изнесувале 1.392,58 милиони денари.

- 90,95% од овој износ оствариле комерцијалните телевизии, 8,12% комерцијалните радиостаници, а само 0,93% МРТ.




- Вкупните приходи од рекламирање се повисоки отколку во претходната година, но тоа се должи на платеното политичко рекламирање за време на претседателските избори. Без овие износи, приходите од рекламирање продолжуваат да се намалуваат и оваа година.

## Вкупни трошоци во индустријата

- Вкупните трошоци во индустријата изнесувале 2.963,34 милиони денари, што е за 16,78% повеќе отколку во претходната година.

- Најголем дел од нив биле направени од МРТ (49,13%, односно 1.455,83 милиони денари) и од комерцијалните телевизии (46,03%, односно 1.364,12 милиони денари). Останатите 4,84% се трошоците на комерцијалните радиостаници (143,39 милиони денари).



- Трошоците на МРТ биле за 49,93% повисоки отколку во претходната година, а трошоците на комерцијалните телевизии и радиостаници од година в година бележат благ пад.

**Движење на вкупните трошоци на МРТ и на комерцијалните радиодифузери во последните пет години**




- Во 2019 година, за прв пат во последните пет години трошоците на МРТ ги надминале заедничките трошоци на комерцијалните телевизии.

## Финансиски резултат од работењето



*Македонска радиотелевизија*
**527,15 мил. денари загуба**



*Комерцијални телевизии*
**7,64 мил. денари загуба**



*Комерцијални радиостаници*
**0,01 мил. денари загуба**

- Финансискиот резултат од работењето на целата индустрија бил загуба од 534,80 милиони денари.

- Со загуба работеле и јавниот сервис и комерцијалните радиодифузери.

# ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС



- И во 2019 година продолжува намалувањето на вкупните приходи на МРТ. Тие изнесувале 928,68 милиони денари, што е за 2,24% помалку отколку во претходната година.

## Вкупни приходи




- 96,27% од приходите на МРТ се средствата од државниот буџет наменети за финансирање на радиодифузната дејност. Приходот остварен по овој основ изнесувал 894 милиони денари.

- Овој износ е за 229,5 милиони денари помал од законски предвидениот.

- Имено, начинот на кој ќе се пресметува износот што секоја година од државниот буџет треба да се префрла на сметката на јавниот сервис за, како што е посочено, *„покривање на трошоци за создавање и емитување на програмите и за техничко-технолошки развој“* е утврден во член 105 од ЗАВМУ. Формулата е следната:

**МРТ** = {А x 0,8%}x 74,5%

А = реализирани вкупни приходи во годината која претходи на фискалната година за која се утврдува износот

- Реализираните вкупни приходи, според податокот од Завршната сметка на Буџетот на РС Македонија во 2018 година изнесувале 188.513,00 милиони денари. Значи, законски утврдениот износ што требало да биде префрлен на сметката на МРТ бил 1.123,50 милиони денари.



**Структура на приходите (според финансиските извештаи на МРТ)**

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| Средства за финансирање на радиодифузна дејност од Буџетот на РМ | 0.00 | 0.00 | 149.00 | 886.55 | 894.00 |
| Закупнина | 0.77 | 0.39 | 0.38 | 0.28 | 0.30 |
| Приходи од Владата на РМ за финансиска поддршка на МРТ согласно Законот на ААВМУ | 240.00 | 280.00 | 240.00 | 0.00 | 0.00 |
| Радиодифузна такса | 844.52 | 803.08 | 586.15 | 0.00 | 0.00 |
| Приходи од услуги во земјата | 4.24 | 4.29 | 3.80 | 4.13 | 2.07 |
| Приходи од странство (технички услуги, отстапени права) | 1.49 | 1.27 | 5.83 | 0.27 | 0.46 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики, отпишани обврски, приходи од минати години), дополнително утврдени приходи од претходни години, донации и сл. | 19.55 | 35.03 | 13.84 | 18.81 | 17.93 |
| Приходи од наплата на судски спорови | 0.05 | 0.03 | 0.00 | 0.01 | 0.18 |
| Приходи од Министерство за култура согласно Законот за поддршка на македонската музичка продукција | 23.25 | 18.60 | 7.12 | 4.79 | 0.00 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 25.56 | 44.23 | 25.08 | 34.33 | 12.99 |
| Приходи од Буџетот на РМ (Министерство за информатичко општество) член 92 став 10 од Законот за ААВМУ | 2.25 | 0.00 | 6.29 | 0.00 | 0.00 |
| Приходи од донации, продажба на програма и услуги | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.75 |
| Приходи од Владата на РМ за финансиска поддршка за реализација на процесот на дигитализација на РА и ТВ програмата | 122.50 | 2.91 | 0.00 | 0.75 | 0.00 |
| ВКУПНО: | 1,284.18 | 1,189.83 | 1,037.49 | 949.93 | 928.68 |

- Од продажба на времето за рекламирање МРТ остварила 12,99 милиони денари. Ова претставува остварување на 99,9% од она што МРТ планирала да го оствари, но истовремено и најнизок износ во периодот од последните 16 години (откако регулаторот ги обезбедува овие податоци). Во последните години беа направени неколку измени на законските решенија што го уредуваат прашањето за начинот на кој се финансира јавниот сервис, а со некои од нив се предвидоа и одредени ограничувања за рекламирањето на јавниот сервис.

- Агенцијата повеќе пати досега посочува дека сериозен проблем е тоа што истовремено не се обезбедија доволно средства од други извори, поточно од државниот буџетот, за јавниот сервис да може во целост да ги исполни своите функции.

- Другите приходи во износ од 21,69 милиони денари, МРТ ги остварила од закупнини, приходи од услуги во земјата и во странство, останати деловни приходи и друго.

### Структура на трошоците на МРТ

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| Трошоци за вработените | 402.59 | 403.47 | 389.67 | 370.47 | 399.06 |
| Патни трошоци | 9.20 | 8.05 | 9.45 | 5.77 | 9.10 |
| Заеднички трошоци | 423.82 | 381.04 | 398.30 | 431.56 | 883.47 |
| Програмски права | 225.86 | 246.42 | 178.00 | 123.47 | 113.56 |
| Останати трошоци од работењето | 139.77 | 72.94 | 52.90 | 39.76 | 50.64 |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 18.01 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| ВКУПНИ ТРОШОЦИ: | 1,219.25 | 1,111.92 | 1,028.32 | 971.03 | 1,455.83 |
| Набавка на опрема | 4.63 | 18.45 | 8.86 | 6.51 | 46.74 |
| ВКУПНИ РАСХОДИ: | 1,223.88 | 1,130.37 | 1,037.18 | 977.54 | 1,502.57 |

- Вкупните трошоци на МРТ изнесувале 1.455,83 милиони денари, што е за 49,93% повеќе од претходната година. Зголемувањето на трошоците најмногу се должи на вредносното усогласување на радиодифузната такса, во износ од 703,07 милиони денари. Станува збор за исправка на вредноста на побарувањата по основ на ненаплатена радиодифузна такса.

- Зголемување имало и кај трошоците за вработените (за 28,59 милиони денари). Најмногу средства од оваа ставка биле потрошени за плати, односно 97,07% од вкупните трошоци за вработените.

- За 10,88 милиони денари биле зголемени и останатите трошоци во кои влегуваат трошоците за авторски договори, технички услуги, трошоци за организација и реализација на Евросонг 2019 и јуниорски евросонг 2019 година, за членство на МРТ во меѓународни радиодифузни организации и друго.

- Помалку средства биле потрошени само за програмски права (за 9,91 милион денари).

- Во 2019 година МРТ инвестирала 46,74 милиони денари за набавка на опрема. Во рамките на овој износ набавена е нова РА и ТВ опрема за надградба на систем за снимање во МРА, опрема за осветлување, камери, стативи, микрофони и друго.

- Финансискиот резулатат во анализираната година била загуба од 527,15 милиони денари.

- Просечниот број на вработени изнесувал 773 лица, односно за 45 лица помалку отколку во претходната година.

# КОМЕРЦИЈАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ



# Терестријални телевизии на државно ниво

- Приходите што заедно ги оствариле терестријалните телевизии на државно ниво - ТВ Сител, ТВ Канал 5, ТВ Телма, ТВ Алфа и ТВ Алсат-М изнесувале 1.120,49 милиони денари. Прв пат после три години, овие телевизии ги зголемиле вкупните приходи, и тоа за 5,32%.

Стапка на раст на вкупните приходи

| ТВ | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2019/ 2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Алфа | 197.11 | 134.43 | 104.70 | 141.82 | 132.78 | -6.37% |
| ТВ Алсат-М | 166.06 | 170.81 | 158.36 | 156.67 | 159.68 | **1.92%** |
| ТВ Канал 5 | 291.86 | 206.94 | 205.62 | 188.13 | 225.73 | **19.99%** |
| ТВ Сител | 541.80 | 473.38 | 451.84 | 432.45 | 480.77 | **11.17%** |
| ТВ Телма | 101.02 | 115.53 | 151.37 | 144.79 | 121.54 | -16.06% |

## Вкупни приходи




- Три телевизии оствариле повеќе приходи отколку во 2018 година - ТВ Алсат, ТВ Канал 5 и ТВ Сител.
- ТВ Алфа и ТВ Телма оствариле помалку приходи.
- 94,82% од вкупните приходи биле остварени од рекламирање.

- Приходите од продажба на времето за рекламирање во 2019 година изнесувале 1.062,44 милиони денари и во однос на претходната година се зголемиле за 8,29%.

**Приходи од рекламирање (без ппр) во 2018 и во 2019 година**




- Зголемувањето во најголема мера се должи на приходите што овие пет телевизии ги оствариле од платено политичко рекламирање, во вкупен износ од 101,22 милиони денари. Од нив, 34,71 милион денари прикажала ТВ Сител, 22,55 милиони денари ТВ Канал 5, 21,04 милиони денари ТВ Алсат-М, 13,23 милиони денари ТВ Телма и 9,69 милиони денари н ТВ Алфа.

- Приходите од огласувачките компании се зголемиле за 6,63 милиони денари. ТВ Канал 5 прикажала за 30,65 милиони денари повеќе приходи од рекламирање отколку во 2018 година, а ТВ Сител 0,42 милиони денари повеќе. Останатите три телевизии оствариле помалку приходи од рекламирање отколку во претходната година.

**Удел на терестријалните телевизии на државно ниво во приходите од рекламирање**



- Вкупните трошоци на овие пет телевизии изнесувале 1.061,47 милиони денари и се зголемиле за 3,57% во однос на 2018 година.

## Вкупни трошоци




**Движење на вкупните трошоци на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години**




- Само ТВ Канал 5 и ТВ Сител потрошиле повеќе отколку во претходната година, и тоа ТВ Канал 5 за 19,14%, а ТВ Сител за 9,53% повеќе. Останатите три телевизии ги намалиле трошоците од своето работење. ТВ Алфа ги намалила за 13,99%, ТВ Телма за 13,72% и ТВ Алсат-М за незначителни 0,31%.

- Како и во претходните четири години, највисоки трошоци во анализираната година направила ТВ Сител – 452,32 милиони денари, а најниски ТВ Алфа- 93,45 милиони денари.

- Во 2019 година, 66,83% од вкупните трошоци на терестријалните телевизии на државно ниво биле директни трошоци за создавање програма.

- Најмногу средства биле издвоени за набавка на содржини (367,46 милиони денари) и за плати и други надоместоци за вработените (261,94 милиони денари).

**Структура на трошоците на терестријалните телевизии на државно ниво**

| Структура на трошоците на терестријалните телевизии на државно ниво | износ | учество |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 18.30 | 1.72% |
| Трошоци за набавка на програма | 367.46 | 34.62% |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 61.73 | 5.81% |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 261.94 | 24.68% |
| Директни трошоци за создавање на програмата | 709.43 | 66.83% |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 26.41 | 2.49% |
| Амортизација на опремата | 68.19 | 6.43% |
| Амортизација на права и лиценци | 2.03 | 0.19% |
| Кирии и останати режиски трошоци | 22.75 | 2.14% |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 229.50 | 21.62% |
| Вкупно трошоци на работењето | 1,058.31 | 99.70% |
| Расходи од други активности | 2.70 | 0.26% |
| Вонредни расходи | 0.46 | 0.04% |
| Вкупно трошоци на работењето | 1,061.47 | 100.00% |

- За набавка на програма ТВ Сител потрошила повеќе отколку другите четири телевизии заедно. ТВ Сител потрошила 197,29 милиони денари, ТВ Канал 5 - 89,71 милион денари, ТВ Телма 42,93 милиони денари, ТВ Алсат-М 21,88 милиони денари и ТВ Алфа 15,64 милиони денари.

- И за плата и други надоместоци за вработените најмногу средства издвоила ТВ Сител – 74,37 милиони денари. ТВ Алсат-М издвоила 70,23 милиони денари, а приближно ист бил износот кај ТВ Канал 5 и ТВ Телма, 54,26 милиони денари, односно 50,82 милиони денари. ТВ Алфа за плати за вработените издвоила најмалку средства – 38,67 милиони денари.

- Во анализираната година, како и во претходните две години само ТВ Телма работела со загуба и остварила негативен финансиски резултат од 21,91 милион денари.

**Финансиски резултат од работењето на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години**

| | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Алфа | 14.06 | -3.21 | 1.67 | 29.86 | 39.33 |
| ТВ Алсат-М | 0.10 | 4.71 | 5.85 | 5.36 | 8.44 |
| ТВ Канал 5 | -9.50 | 0.89 | 0.86 | 0.28 | 1.50 |
| ТВ Сител | 31.81 | 32.38 | 46.85 | 18.68 | 28.45 |
| ТВ Телма | -22.80 | -20.11 | -18.99 | -21.48 | -21.91 |

**Просечен број на вработени во редовен работен однос во терестријалните телевизии на државно ниво во 2018 и 2019 година**




- Просечниот број на вработени во редовен работен однос во овие пет телевизии изнесувал 569 лица, односно три лица помалку отколку во претходната година. Од нив, 98 лица биле вработени во ТВ Телма, 142 лица во ТВ Сител, 136 лица во ТВ Канал 5, 110 лица во ТВ Алсат-М и 83 лица во ТВ Алфа.

- Најгледана телевизија во 2019 година била ТВ Сител, со просечен дневен досег[11] од 38,62% и просечен неделен досег од 52,78%. ТВ Канал 5 и оваа година била втора најгледана телевизија, чијшто просечен дневен досег изнесувал 31,62%, а просечниот неделен досег 46,39%.

**Просечен дневен и неделен досег**




[11] Просечниот дневен досег претставува однос помеѓу популацијата што се изјаснила дека гледала одредена телевизија во било кој период од претходниот ден и вкупната популација, а просечниот неделен досег е однос помеѓу популацијата што се изјаснила дека гледала одредена телевизија во било кој период од претходната недела и вкупната популација.

# Сателитски телевизии

- Двете сателитски телевизии, ТВ 24 Вести и Наша ТВ во 2019 година оствариле вкупно приходи од 73,31 милион денари, од кои 91% бил приходот на ТВ 24 Вести (66,87 милиони денари). Вкупните приходи на Наша ТВ изнесувале 6,44 милиони денари.

**Вкупни приходи**




- Во споредба со претходната година ТВ 24 Вести ги намалила приходите за 24,85%, додека пак Наша ТВ ги зголемила за речиси три пати повеќе.

**Вкупните приходи на сателитските телевизии во последните пет години**




- Во структурата на приходите на овие две телевизии 87,71% биле приходи од реклами, 10,01% останати приходи и 2,28% вонредни приходи.

- За ТВ 24 Вести, приходите од рекламирање биле најзначаен извор на приходи (90,67%). По овој основ ТВ 24 Вести остварила 60,63 милиони денари. Учеството на приходите од реклами кај Наша ТВ било 56,83% или 3,66 милиони денари.

**Структурата на приходите на сателитските телевизии**

| Структура на приходите на сателитските телевизии на државно ниво | износ | учество |
|---|---|---|
| Реклами и телешопинг | 64.30 | 87.71% |
| Спонзорства | 0.00 | 0.00% |
| Продажба на содржини | 0.00 | 0.00% |
| Приходи обезбедени од трети страни | 0.00 | 0.00% |
| Останати приходи | 7.34 | 10.01% |
| Приходи од основна дејност | 71.64 | 97.72% |
| Приходи од други дејности | 0.00 | 0.00% |
| Вонредни приходи | 1.67 | 2.28% |
| Вкупни приходи | 73.31 | 100.00% |

- За време на изборното медиумско претставување на Претседателските избори во 2019 година, платено политичко рекламирање емитувала само ТВ 24 Вести. Приходот којшто го остварила по овој основ изнесувал 12,36 милиони денари.

- Вкупните трошоци на овие две телевизии изнесувале 81,96 милиони денари. Во споредба со претходната година, двете телевизии ги намалиле трошоците, и тоа ТВ 24 Вести за 17,52%, а Наша ТВ за 52,67%.



- Најмногу средства од вкупните трошоци (51,24%) биле издвоени за плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма, односно 42 милиони денари.

**Структура на трошоците на сателитските телевизии**

| Структура на трошоците на сателитските телевизии | износ | учество |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 17.47 | 21.32% |
| Трошоци за набавка на програма | 1.64 | 2.00% |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 7.23 | 8.82% |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 42.00 | 51.24% |
| Директни трошоци за создавање на програмата | 68.34 | 83.38% |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 0.06 | 0.07% |
| Амортизација на опремата | 2.16 | 2.64% |
| Амортизација на права и лиценци | 0.11 | 0.13% |
| Кирии и останати режиски трошоци | 2.05 | 2.50% |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 8.76 | 10.69% |
| Вкупно трошоци на работењето | 81.48 | 99.41% |
| Расходи од други активности | 0 | 0.00% |
| Вонредни расходи | 0.48 | 0.59% |
| Вкупно трошоци на работењето | 81.96 | 100.00% |

- Од нив, 41,46 милиони денари е трошокот за плати на вработените на ТВ 24 Вести, а само 0,54 милиони денари издвоила Наша ТВ за оваа намена.

- Материјалните трошоци во вкупните трошоци на овие две сателитски телевизии учествувале со 21,32%, од кои 17,43 милиони денари се материјалните трошоци на ТВ 24 Вести, а 0,04 милиони денари е трошокот на Наша ТВ.

- Во 2019 година, двете телевизии оствариле негативен финансиски резултат, и тоа ТВ 24 Вести загуба во износ од 8,54 милиони денари, а Наша ТВ загуба во износ од 0,12 милиони денари.

- Просечниот број на вработени во редовен работен однос во ТВ 24 Вести изнесувал 100 лица (две лица помалку отколку во претходната година), а во Наша ТВ во редовен работен однос било само едно лице.







- Уделот[12] на ТВ 24 Вести во вкупната гледаност во првото тримесечје изнесувал 5,13%, во второто 5,44%, во третото 4,80%, а во последното тримесечје од годината 5,87%.

[12] Уделот во вкупната гледаност е пресметан како однос помеѓу популацијата што се изјаснила дека гледала одреден ТВ канал во било кој период од претходниот ден и вкупно наведените ТВ канали што ги гледале испитаниците во претходниот ден од територијата на Република Македонија.

# Телевизии на државно ниво преку ОЈКМ [13]

- Заедничките приходи што во 2019 година ги оствариле ТВ Компани 21-М, ТВ Шења, ТВ Клан и ТВ Сонце изнесувале 56,49 милиони денари.

- Највисоки приходи прикажала ТВ Компани 21-М (32,20 милиони денари), а најниски ТВ Сонце (0,39 милиони денари).

Вкупни приходи и приходи од реклами




- Приходите од реклами биле речиси единствен извор на приход за ТВ Компани 21-М, ТВ Шења и ТВ Клан. ТВ Компани 21-М остварила 31,12 милиони денари приход од реклами, ТВ Шења 13,61 милион денари, ТВ Клан 10,25 милиони денари и ТВ Сонце 0,26 милиони денари.

**Удел во приходите од рекламирање на телевизиите на државно ниво преку ОЈКМ**




- Поради многу малиот износ на приходи од рекламирање на ТВ Сонце, уделот на оваа телевизија во вкупните приходи од реклами е незначаен.

[13] Се до ноември 2019 година, програма на државно ниво преку ОЈКМ емитуваше уште една телевизија - 1ТВ, но податоците за економското работење оваа телевизија немаше можност да се обезбедат, поради тоа што во периодот кога се прибираа податоците дозволата беше веќе одземена. Во 2018 година, 1 ТВ имаше прикажано највисоки вкупни приходи (39,23 милиони денари) и највисоки приходи од реклами (33,94 милиони денари) од телевизиите што емитуваа на државно ниво преку ОЈКМ, а бројот на ангажирни лица изнесуваше 80 (од кои 46 во редовен работен однос и 34 со авторски договори). За да обезбеди прецизни податоци врз основа на коишто ќе ја изработи анализата, Агенцијата се обрати до Управата за јавни приходи, но од таму не добивме никаков одговор.

- Освен приходите од реклами, телевизиите на државно ниво кои емитуваат програма преку ОЈКМ прикажале и „останати приходи“ во износ од 1,24 милиони денари.

**Структура на приходите на телевизиите на државно ниво преку ОЈКМ**

| Структура на приходите на телевизиите на државно ниво преку ОЈКМ | износ | учество |
|---|---|---|
| Реклами и телешопинг | 55.25 | 97.80% |
| Спонзорства | 0.00 | 0.00% |
| Продажба на содржини | 0.00 | 0.00% |
| Приходи обезбедени од трети страни | 0.00 | 0.00% |
| Останати приходи | 1.24 | 2.20% |
| Приходи од основна дејност | 56.49 | 100.00% |
| Приходи од други дејности | 0.00 | 0.00% |
| Вонредни приходи | 0.00 | 0.00% |
| Вкупни приходи | 56.49 | 100.00% |

- Приходи од платено политичко рекламирање за време на изборното медиумско претставување на Претседателските избори оствариле ТВ Компани 21-М (15,72 милиони денари), ТВ Клан (9,13 милиони денари) и ТВ Шеља (0,35 милиони денари).

- Трошоците што заедно ги направиле овие четири телевизии изнесувале 113,33 милиони денари. ТВ Компани 21-М направила поголем трошок отколку другите три телевизии заедно.




- Најголемо учество во структурата на трошоците имале трошоците за плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма (34,40%), амортизација на опрема (19,23%) и од категоријата „сите останати неопфатени трошоци од работењето“ (17,26%).

- За плати за вработените директно поврзани со производство на програма ТВ Компани 21-М издвоила 15,37 милиони денари, ТВ Клан 11,49 милиони денари. ТВ  Шења 7,55 милиони денари и ТВ Сонце 4,58 милиони денари.

**Структура на трошоците на телевизиите на државно ниво преку ОЈКМ**

| Структура на трошоците на националните телевизии преку ОЈКМ | износ | учество |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 5.43 | 4.79% |
| Трошоци за набавка на програма | 7.55 | 6.66% |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 11.25 | 9.93% |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 38.99 | 34.40% |
| Директни трошоци за создавање на програмата | 63.22 | 55.78% |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 4.49 | 3.96% |
| Амортизација на опремата | 21.79 | 19.23% |
| Амортизација на права и лиценци | 1.33 | 1.17% |
| Кирии и останати режиски трошоци | 2.54 | 2.24% |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 19.56 | 17.26% |
| Вкупно трошоци на работењето | 112.93 | 99.64% |
| Расходи од други активности | 0.03 | 0.03% |
| Вонредни расходи | 0.37 | 0.33% |
| Вкупно трошоци на работењето | 113.33 | 100.00% |

- Само ТВ Шења остварила добивка од своето работење во тековната година (1,61 милион денари), а останатите три телевизии работеле со загуба.

**Финансиски резултат од работењето на телевизиите на државно ниво преку ОЈКМ**




- Вкупниот број на вработени во редовен работен однос кај овие четири телевизии изнесувал 153 лица. Во ТВ Компани 21-М биле вработени 68 лица, во ТВ Шења 40 лица, во ТВ Клан 27 лица и во ТВ Сонце 18 лица.

- Највисок просечен дневен и неделен досег имала ТВ Компани 21-М.

- Просечниот удел во гледаноста на ТВ Компани 21-М бил 1,53%, на ТВ Шења 1,16%, на ТВ Клан 0,88% и на ТВ Сонце 0,79%.

**Просечен дневен и неделен досег**




**Удел во вкупната гледаност на телевизиите на државно ниво преку OJKM**



# Телевизии на регионално ниво

- Вкупните приходи кои ги оствариле 17-те регионални телевизии изнесувале 79,33 милиони денари. Во споредба со претходната година тие се зголемиле за 3%.




- Повисоки приходи отколку во претходната година оствариле 11 телевизии, и тоа: ТВ Амазон, ТВ Шутел, ТВ КТВ, ТВ Стар, ТВ Канал Вис, ТВ Тера, ТВ М, Телевизија 3, ТВ Коха, ТВ Едо и ТВ Полог.

- Гледано по региони, приходите се намалиле само во Д1- Црн Врв/Скопје, и тоа за 20,40%. Сите останати региони бележат пораст на вкупните приходи.

- Околу една третина од вкупните приходи на телевизиите на регионално ниво се остварени во регионот Д1-Црн Врв/Скопје. Најниски биле приходите во Д7-Стогово (0,49 милиони денари), каде што програма емитува само една телевизија - ТВ 3.

**Вкупни приходи и стапка на раст по региони**

| | 2018 | 2019 | стапка на раст на вкупните приходи 2019/2018 |
|---|---|---|---|
| Д1-Скопје | 31.12 | 24.77 | -20.40% |
| Д1-Велес | 2.31 | 3.76 | 62.77% |
| Д2 | 2.71 | / | / |
| Д3 | 10.19 | 10.34 | 1.47% |
| Д4 | 7.87 | 10.79 | 37.10% |
| Д5 | 7.04 | 11.57 | 64.35% |
| Д6 | 5.15 | 6.84 | 32.82% |
| Д7 | 0.02 | 0.49 | 2350.00% |
| Д8 | 10.61 | 10.76 | 1.41% |

- Најзначајно учество во структурата на приходите имале приходите од продажба на времето за рекламирање. Тие изнесувале 60,59 милиони денари и учествувале во вкупните приходи со 76,38%.

- Највисоки приходи од рекламирање прикажала ТВ Ера од регионот Д1-Скопје – 10,10 милиони денари, а најниски ТВ Кисс & Менада од Д8 – 0,12 милиони денари. Позначајни износи на приходи од реклами оствариле и ТВ Стар – 8,04 милиони денари, ТВ Коха – 7,35 милиони денари, ТВ Канал Вис – 7,09 милиони денари и ТВ М – 6,73 милиони денари.

- Во анализираната година, осум телевизии ги зголемиле приходите од рекламирање, а седум ги намалиле во споредба со претходната година.

**Структура на вкупните приходи по радиодифузни региони**

| | Д1-Скопје | Д1-Велес | Д2 | Д3 | Д4 | Д5 | Д6 | Д7 | Д8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реклами и телешопинг | 19.15 | 3.31 | / | 10.23 | 8.90 | 2.16 | 6.73 | 0.49 | 9.61 |
| Спонзорства | 0.06 | 0.00 | / | 0.00 | 0.39 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.31 |
| Продажба на содржини | 0.00 | 0.00 | / | 0.00 | 0.00 | 1.63 | 0.00 | 0.00 | 0.56 |
| Приходи од услуги обезбедени од трети страни | 0.00 | 0.15 | / | 0.00 | 0.00 | 2.29 | 0.00 | 0.00 | 0.18 |
| Останати приходи | 4.43 | 0.00 | / | 0.11 | 1.19 | 5.28 | 0.00 | 0.00 | 0.10 |
| Приходи од основна дејност | 23.64 | 3.46 | 0.00 | 10.34 | 10.48 | 11.36 | 6.73 | 0.49 | 10.76 |
| Приходи од други дејности | 0.99 | 0.30 | / | 0.00 | 0.31 | 0.21 | 0.11 | 0.00 | 0.00 |
| Вонредни приходи | 0.14 | 0.00 | / | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Вкупно приходи | 24.77 | 3.76 | 0.00 | 10.34 | 10.79 | 11.57 | 6.84 | 0.49 | 10.76 |

- Најмногу приходи од платено политичко рекламирање прикажала ТВ М (4,90 милиони денари), но во подрачјето во кое оваа телевизија емитува програма, во 2019 година покрај претседателските се одржаа и локални избори.

**Вкупни приходи и приходи од реклами на телевизиите на регионално ниво**

| Регион | ТВ | вкупни приходи (во милиони денари) | | приходи од реклами (во милиони денари) | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2018 | 2019 | 2018 | 2019 |
| Д1-Црн Врв/ Скопје | ***ТВ Амазон*** | 3.03 | 3.17 | 2.56 | 2.49 |
| | ***ТВ Едо*** | 2.40 | 2.88 | 2.30 | 2.25 |
| | ***ТВ Ера*** | 15.76 | 10.37 | 14.80 | 10.10 |
| | ***ТВ МТМ*** | 7.05 | 4.95 | 4.68 | 1.06 |
| | ***ТВ Шутел*** | 2.88 | 3.41 | 0.74 | 3.25 |
| | вкупно | 31.12 | 24.77 | 25.06 | 19.15 |
| Д1-Црн Врв/Велес | ***ТВ КТВ*** | 2.31 | 3.76 | 2.08 | 3.31 |
| | вкупно | 2.31 | 3.76 | 2.08 | 3.31 |
| Д2 - Страцин | ***ТВ Сител 2*** | 2.71 | / | 1.40 | / |
| | вкупно | 2.71 | / | 1.40 | / |
| Д3 - Туртел | ***ТВ Ирис*** | 3.75 | 2.28 | 3.68 | 2.19 |
| | ***ТВ Стар*** | 6.44 | 8.06 | 5.99 | 8.04 |
| | вкупно | 10.19 | 10.34 | 9.67 | 10.23 |

| Регион | ТВ | вкупни приходи (во милиони денари) | | приходи од реклами (во милиони денари) | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2018 | 2019 | 2018 | 2019 |
| Д4 - Боскија | ***ТВ Канал Вис*** | 4.87 | 8.21 | 4.80 | 7.09 |
| | ***ТВ Кобра*** | 3.00 | 2.58 | 2.61 | 1.82 |
| | вкупно | 7.87 | 10.79 | 7.42 | 8.90 |
| Д5 - Пелистер | ***ТВ Тера*** | 7.04 | 11.57 | 2.32 | 2.16 |
| | вкупно | 7.04 | 11.57 | 2.32 | 2.16 |
| Д6 - Мали Влај | ***ТВ М*** | 5.14 | 6.84 | 3.55 | 6.73 |
| | вкупно | 5.14 | 6.84 | 3.55 | 6.73 |
| Д7 - Стогово | ***Телевизија 3*** | 0.02 | 0.49 | 0.02 | 0.49 |
| | вкупно | 0.02 | 0.49 | 0.02 | 0.49 |
| Д8 - Попова Шапка | ***ТВ Кисс*** | 2.69 | / | 2.63 | / |
| | ***ТВ Коха*** | 6.15 | 7.79 | 5.35 | 7.35 |
| | ***ТВ Полог*** | 0.70 | 1.82 | 0.70 | 1.82 |
| | ***ТВ Топестрада*** | 1.07 | 1.01 | 0.47 | 0.32 |
| | ***ТВ Кисс&Менада*** | / | 0.14 | / | 0.12 |
| | вкупно | 10.60 | 10.76 | 9.15 | 9.61 |

- Во анализираната година регионалните телевизии потрошиле 79,47 милиони денари. Највисоки биле трошоците на ТВ Тера – 9,92 милиони денари и ТВ Ера – 9,89 милиони денари, а најниски на ТВ Кисс & Менада – 0,12 милиони денари (оваа телевизија доби дозвола за работа во ноември 2019 година).

- Според радиодифузни региони, највисоки биле трошоците што ги направиле телевизиите од регионот Д1-Црн Врв/Скопје (27,05 милиони денари), а најмалку трошоци биле направени во регионот Д7-Стогово - 2,24 милиони денари, односно трошокот кој го направила Телевизија 3.

- Споредбено со минатата година помалку средства биле потрошени во регионите Д1-Црн Врв/Скопје и Д8-Попова Шапка.

**Вкупни трошоци по радиодифузни региони**




- Платите и другите надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма биле најважна ставка во структурата на трошоците. За нив биле потрошени вкупно 34,41 милион денари.

### Структура на вкупните трошоци по радиодифузни региони

| | Д1-Скопје | Д1-Велес | Д2 | Д3 | Д4 | Д5 | Д6 | Д7 | Д8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Материјални трошоци | 1.46 | 0.41 | / | 0.69 | 1.48 | 0.75 | 1.88 | 0.00 | 1.42 |
| Трошоци за набавка на програма | 0.00 | 0.83 | / | 0.54 | 0.05 | 1.40 | 0.24 | 0.01 | 0.00 |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 6.62 | 0.10 | / | 0.31 | 0.00 | 0.46 | 0.46 | 0.07 | 0.72 |
